ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ
# ЗА 2022 ГОДИНА НА
# УНИВЕРЗИТЕТ „СВ.КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ - СКОПЈЕ - РЕКТОРАТ СМЕТКА ЗА СРЕДСТВА ОД САМОФИНАНСИРАЧКИ АКТИВНОСТИ – ИНТЕГРАТИВНИ ФУНКЦИИ (788-41)

01 2023 05 01/4

Скопје, октомври 2023 година

**Резиме**

Извршивме ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје - Ректорат на сметката за средства од самофинансирачки активности - интегративни функции (788-41) за 2022 година.

Со извршената ревизија изразивме мислење без резерва за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и мислење со резерва за усогласеноста на финансиските трансакции со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставените политики за 2022 година.

Со извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизијата на усогласеност на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје - Ректорат на сметката за средства од самофинансирачки активности - интегративни функции (788-41) за 2022 година утврдивме нецелосно остварени приходи по основ на интегративни функции поради не доставени известување за реализирани приходи од страна на организациони единици при УКИМ, што влијае на висината на средствата кои се предвидени за реализација **на** Програмата за финансирање на видот и обемот интегративни функции на УКИМ.

За надминување на констатираните состојби дадени се препораки со цел преземање на мерки и активности од надлежните лица и органи во функција на подобрување на состојбите.

Од страна на одговорното лице на субјектот не се добиени забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

# СОДРЖИНА


| Опис | Страна |
|---|---|
| 1. Вовед | 1 |
| 2. Мислење на ревизијата | 2 |
| 3. Основ за изразување на мислење | 2 |
| 3.1. Основ за квалификувано мислење за усогласеност со закони и прописи | 3 |
| 4. Законска основа за ревизијата и временски период | 4 |
| 5. Опфат и ограничувања | 5 |
| 6. Одговорност за финансиски извештаи | 5 |
| 7. Одговорност на ревизорите | 5 |
| 8. Одговор на ревидираниот субјект | 7 |
| **Финансиски извештаи за 2021 и 2022 година** | |
| Биланс на приходи и расходи | 8 |
| Биланс на состојба | 9 |
| **Сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи** | |
| Вовед . | 10 |
| Сметководствени политики | 11 |
| Образложенија кон финансиските извештаи | 12 |

**Список на кратенки**

| | |
|---|---|
| Единици | 23 факултети и 5 научни институти |
| УКИМ | Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје - Ректорат |

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

**Број:** 23-209/20
**Дата:** 17.10.2023

## 1. Вовед

Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје - Ректорат е највисока јавна автономна високообразовна, научна, односно уметничка установа, која ја сочинуваат 23 факултети и 5 научни институти.
На УКИМ може да се основаат и уметнички академии и високи стручни школи согласно со закон.
УКИМ обезбедува единство во вршењето и развојот на високото образование, науката, уметноста и стручноста, како непосредно, така и преку своите единици од различни студиски подрачја, пренесува сознанија од повеќе научни, односно уметнички подрачја, полиња и области (дисциплини).

Основна дејност на УКИМ е да образува студенти и да ги развива науката и уметноста.
УКИМ ги интегрира функциите на своите единици (функционална интеграција на образовна, научна и уметничка дејност) и со своите органи го обезбедува нивното усогласено дејствување, согласно со Законот за високото образование.
Средствата за остварување на интеграивните функции се трошат согласно Програми за финансирање на видот и обемот на интегративни функции на УКИМ днесени од страна на Ректорската управа и тоа за следните намени: научноистражувачка дејност, меѓународна соработка наУниверзитетот, капитални трошоци, стипендии и награди итн.

## 2. Мислење на ревизијата

Извршивме ревизија на :

- финансиски извештаи на страна 8 и 9 на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје - Ректорат, на сметката за средства од самофинансирачки активности - интегративни функции (788-41) за 2022 година, кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на приходите и расходите за годината која завршува со тој датум, применетите сметководствени политики и објаснувачките белешки кон финансиските извештаи.

- усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје - Ректорат на сметката за средства од самофинансирачки активности - интегративни функции (788-41) за 2022 година со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

### Мислење за финансиски извештаи

Според наше мислење, финансиските извешти ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје - Ректорат на ден 31 декември 2022 година на сметката за средства од самофинансирачки активности - интегративни функции (788-41), како и резултатите од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење, со исклучок на ефектот на прашањата изнесени во точката 3.1., активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје - Ректорат, за 2022 година, на сметката на сметката за средства од самофинансирачки активности - интегративни функции (788-41), во сите материјални аспекти се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 3. Основ за изразување на мислење

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI) и Кодексот на етика на Државниот завод за ревизија. Одговорностите согласно ISSAI стандардите се опишани во делот на Одговорност на

ревизорите за ревизијата на финансиски извештаи заедно со ревизија на усогласеност. Веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме обезбедено се доволни и соодветни за да обезбедат основ за нашето ревизорско мислење.

### 3.1. Основ за квалификувано мислење за усогласеност со закони и прописи

3.1.1. Согласно член 19 од Законот за високо образование и член 30 од Статутот, УКИМ ги интегрира функциите на своите единици (функционална интеграција на образовна научна и уметничка дејност) и со своите органи го обезбедува нивното усогласено дејствување. Интегрираните дејности, обврските и надлежностите на УКИМ се утврдуваат со Статутот на Универзитетот, а со Правилникот за финансиските и материјалните прашања поврзани со средствата за остварување на интегративните функции на УКИМ за извршување на интегративните функции се предвидува уплата на 3% од приходите со кои самостојно располагаат единиците, односно од приходите стекнати од други извори.

Во деловните книги на Ректоратот евидентирани се приходи од уплатени средства од страна на организационите единици во состав на УКИМ за остварување на интегративните функции во износ од 25.940 илјади денари. Остварените приходи по овој основ се средства наменети за остварување на интегративните функции на УКИМ согласно утврдената намена и висина предвидени со тригодишна Програмата за финансирање на видот и обемот интегративни функции на УКИМ.

По извршен увид во начинот на наплатата на приходите ревизијата ги утврди следните состојби:

- од 28 организациони единици при УКИМ (23 факултети и 5 институти) во текот на 2022 година извршена е уплата од страна на 23 организациони единици. По извршен увид во уплатите од страна на овие организациони единици дел од нив немаат извршено целосна уплата односно уплатиле за неколку квартали, а некои уплати се однесуваат на минати години. Наведеното не е во согласност со одредбите од Правилникот за финансиските и материјалните прашања поврзани со средствата за остварување на интегративните функции на УКИМ и тоа: член 6 кој предвидува уплата на 3% од приходите со кои самостојно располагаат единиците и член 13 со кој е регулиран рокот на уплата на средствата најдоцна до последниот месец од секој квартал во годината;
- организационите единици при УКИМ не доставуваат секој месец известување за реализирани приходи во претходниот месец на посебен Образец до 25 - ти во тековниот месец, како што предвидува член 12 од Правилникот и
- во деловните книги на Ректоратот се евидентираат само уплатите од организационите единици без податоци за вистински реализираните приходи, односно не доставена целосна пресметка на остварените приходи по утврдената

стапка најдоцна до 28 февруари во тековната за претходната година како што е предвидено со член 13 од Правилникот, поради што и електронски не се евидентирани и задолжени во сметководствената евиденција.

Погоре наведените состојби доведуваат до нецелосно остварување на приходите по овој основ и не поседување точни информации за висината на очекувани идни приливи што влијае на висината на средствата што треба да се користт за реализација **на** Програмата за финансирање на видот и обемот интегративни функции на УКИМ.

По укажување на ревизијата, Ректорот достави Допис бр. 05-766/1 од 12.07.2023 година до единиците и придружните членки – јавни научни установи да го известуваат Ректоратот за реализираните приходи секој месец и уплатата на средствата од интегративни функции да се врши до 30 – ти во последниот месец од секој квартал на годината.

**Препорака**

Ректорот да ги преземе следните мерки и активности:

- утврдување на остварениот приход на организационите единици во тековната и минати години;
- продолжи со преземање на мерки за навремено доставување на известување за реализирани приходи во претходниот месец на пропишаниот образец од страна на организационите единици.

## 4. Законска основа за ревизијата и временски период

Ревизијата на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2023 година, согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

Ревизијата е спроведена во периодот од 16.03.2023 до 19.07.2023 година, кај Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје – Ректорат сметката за средства од самофинансирачки активности - интегративни функции (788-41) за 2022 година од ревизорски тим на Државниот завод за ревизија во состав:

- Добринка Весковска, помошник главен државен ревизор и ОДР,
- Албане Чупи, раководител на ревизија (по овластување) и ОДР,
- Катерина Џочкова, самостоен ревизор и ОДР,
- Бранка Ажиевска, самостоен ревизор и ОДР,
- Албана Алију, ревизор.

Од страна на Државен завод за ревизија не е извршена ревизија, ниту е издаден извештај за годините кои и претходат на годината што е предмет на ревизија.

## 5. Опфат и ограничувања

Нема ограничувања во опфатот на ревизијата.

## 6. Одговорност за финансиски извештаи

Финансиските извештаи се одговорност на раководството на субјектот Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје - Ректорат, застапувано од:

- Проф. д-р Никола Јанкуловски, ректор од 26.06.2020 година.

Оваа одговорност вклучува изготвување, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите. Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 7. Одговорност на ревизорите

Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

Разумно уверување е високо ниво на увереност, но тоа не е гаранција дека при извршената ревизија согласно со ISSAI стандардите секогаш ќе бидат откриени сите

материјално погрешни прикажувања кога таквите постојат, како и сите грешки и неусогласености со закони и прописи. Погрешните прикажувања може да се резултат на измама или грешка и се сметаат за материјално значајни, ако поединечно или во вкупен износ, можат да влијаат на економските одлуки на корисниците донесени врз основа на овие финансиски извештаи.

Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Северна Македонија.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи на Ректоратот, врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски доказ за тоа дали приходите и расходите се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и проценка на ризикот од неусогласеност.

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на одговорното лице на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Комуницираме со оние кои се одговорни за управувањето во врска со планираниот опфат и временски распоред на ревизијата и значајните наоди во ревизијата, вклучувајќи ги и сите значајни недостатоци во внатрешната контрола што сме ги утврдиле во текот на ревизијата.

Исто така, обезбедуваме изјава за оние кои се одговорни за управувањето дека сме ги почитувале релевантните етички барања во однос на независноста и дека ќе комуницираме со нив за сите релации и други прашања за кои разумно може да се

смета дека се поврзани со нашата независност и, каде што е применливо, за соодветни заштитни мерки.

Од прашањата за кои се дискутирало со оние кои се одговорни за управувањето, ги одредуваме прашањата кои биле од најголемо значење во ревизијата на финансиските извештаи за тековниот период и затоа се клучни ревизорски прашања. Ги опишуваме овие прашања во ревизорскиот извештај, освен ако закон или регулатива не го исклучуваат јавното објавување на ова прашање или кога, во исклучително ретки околности, утврдуваме дека за прашањето не треба да се известува во нашиот извештај, бидејќи штетните последици од истото би можеле реално да ги надминат придобивките од јавната корист од таквото објавување.

## 8. Одговор на ревидираниот субјект

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје - Ректорат одржан на ден 18.07.2023 година, за кои дадоа свои коментари и објаснување.

Од страна на одговорното лице на субјектот не се добиени забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

**Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје - Ректорат**
**Сметка на буџет на самофинансирачки активности (788 - 41)**
**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2022 година**

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образложение | 2022 | 2021 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | **3.1.** | | |
| Неданочни приходи | 3.1.1. | 25.941 | 36.420 |
| Трансфери и донации | 3.1.2. | 31.596 | 32.391 |
| **Вкупно приходи** | | **57.537** | **68.811** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | **3.2.** | | |
| Стоки и услуги | 3.2.1. | 22.980 | 24.649 |
| Субвенции и трансфери | 3.2.2. | 9.729 | 12.255 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **32.709** | **36.904** |
| **Вкупно расходи** | | **32.709** | **37.214** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | **3.3.** | **24.828** | **31.597** |
| **Даноци, придонеси и други давачки од вишокот на приходи - добивка пред оданочување** | **3.4.** | 450 | 511 |
| **Нето вишок на приходи - добивка по оданочување** | **3.5.** | **24.378** | **31.086** |

**Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје - Ректорат**
**Сметка на буџет на самофинансирачки активности (788 - 41)**
**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ**

во 000 денар

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2022 | 2021 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | **4.1.** | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 24.828 | 31.597 |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции | | 0 | 345 |
| Финансиски и пресметковни односи | 4.1.2. | 424 | 1.632 |
| Побарувања од државата и други институции | | 0 | 156 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.3. | 467 | 61 |
| **Вкупно тековни средства** | | **25.719** | **33.791** |
| **Постојани средства** | **4.2.** | | |
| Долгорочни кредити и позајмици дадени во земјата и странство и орочени средства | 4.2.1. | 465 | 465 |
| **Вкупно постојани средства** | | **465** | **465** |
| **Вкупна актива** | | **26.184** | **34.256** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | **4.3.** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3.1. | 379 | 58 |
| Финансиски и пресметковни односи | | 0 | 3 |
| Обврски за даноци и придонеси од добивката | 4.3.2. | 88 | 0 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.3.3. | 25.252 | 33.730 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **25.719** | **33.791** |
| **Извори на средства** | **4.4.** | | |
| Извори на капитални средства | 4.4.1. | 465 | 465 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **465** | **465** |
| **Вкупна пасива** | | **26.184** | **34.256** |

Образложенијата се составен дел на финансиските извештаи

# 1. ВОВЕД

**Статус**

Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје е највисока јавна автономна високообразовна, научна, односно уметничка установа, која ја сочинуваат 32 факултети и 5 научни институти (во натамошниот текст: единици).
На Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје може да се основаат и уметнички академии и високи стручни школи согласно со закон.
Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје обезбедува единство во вршењето и развојот на високото образование, науката, уметноста и стручноста, како непосредно, така и преку своите единици од различни студиски подрачја, пренесува сознанија од повеќе научни, односно уметнички подрачја, полиња и области (дисциплини).

Основна дејност на Универзитетот е да образува студенти и да ги развива науката и уметноста.
Универзитетот ги интегрира функциите на своите единици (функционална интеграција на образовна, научна и уметничка дејност) и со своите органи го обезбедува нивното усогласено дејствување, согласно со Законот за високото образование.

Ректоратот во рамките на своите надлежности остварува приходи од самофинансирачки активности. Сметката преку која се остваруваат приходите е 1600103689788 41 - сметка на буџет од самофинансирачки активности – Интегративни функции.

1.1. Приходите кои се остваруваат преку оваа сметка се приходи од единиците и придружните членки - јавни научни установи на УКИМ и тоа 3% од остварените приходи согласно Правилникот за финансиските и материјалните прашања поврзани со средствата за остварување на интегративните функции на УКИМ.

**Располагање со сметки**

1.2. Овластен потписник за располагање со средствата на сметката за средства од буџетот од самофинансирачки активности на РСМ е:

- Проф. д-р Никола Јанкуловски, ректор од 26.06.2020 година.

## 2. ОСНОВНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ

**Признавање на приходи и расходи**

2.1. Приходите и другите приливи во Билансот на приходи и расходи се признаваат во пресметковниот период во којшто настанале, според критериумот на мерливост и расположливост.

2.2. Проценети приходи во Билансот на приходи и расходи се приходите остварени по видови и извори согласно Законот за буџетите и Правилникот за класификација на приходите.

2.3. Во приходи не влегуваат: добиените материјални и нематеријални средства на подарок или по друга основа отстапени без надомест, вишоци утврдени по попис или на друг начин остварени средства во материјален облик искажани во изворите како деловни средства.

2.4. Приходите кои не се наплатени до денот на нивната пристигнатост за наплата се искажуваат како пасивни временски разграничувања.

2.5. Расходите и другите одливи во Билансот на приходи и расходи се признаваат според сметководственото начело на парично искажување, во пресметковниот период во износ во кој е извршено плаќањето.

2.6. Проценетите расходи во Билансот на приходи и расходи се извршените расходи согласно Законот за буџетите и Правилникот за класификација на расходите.

2.7. Расходите кои не се извршени до денот на нивната пристигнатост за плаќање се искажуваат како активни временски разграничувања.

2.8. Во расходи не влегуваат: подароците или на друг начин преотстапени материјални и нематеријални средства, отпишани или оштетени средства, кусоците на средства, отпишаните побарувања и другите вонредни расходи кои се искажани на товар или во полза на капиталните средства.

**Проценување на билансните позиции**

2.9. Ректоратот води посебно сметководство за средствата од буџетот, по системот на двојно сметководство, а според распоредот на сметките од сметковниот план на буџетските корисници.

2.10. Проценувањето на билансните позиции се спроведува според сметководственото начело на парично искажување.

2.11. Паричните средства на сметките и во благајните во домашна валута се проценуваат според нивниот номинален износ, а во странска валута по курсот на Народната банка на Република Македонија на денот на билансирањето.

2.12. Побарувањата и обврските се признаваат во висина на номиналната вредност искажани во сметководствениот документ според договорените износи.

## 3. БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ

### 3.1. Приходи

#### 3.1.1. Неданочни приходи

Оваа позиција е проценета во висина на наплатените средства во вкупен износ од 25.941 илјади денари во 2022 година (2021 година – 36.420 илјади денари) по основ на уплати од единиците и придружните членки - јавни научни установи на УКИМ и тоа 3% од остварените приходи согласно Правилникот за финансиските и материјалните прашања поврзани со средствата за остварување на интегративните функции на УКИМ.

| Опис | 2022 | 2021 |
|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 |
| Други помошни активности во образованието | 25.940 | 31.962 |
| Приходи од одземени средства по посебени прописи | 1 | - |
| Останати неданочни приходи | - | 4.458 |
| **Вкупно:** | **25.941** | **36.420** |

#### 3.1.2. Трансфери и донации

Оваа позиција е проценета во висина на износите на средствата кои се обезбедени од сметката од самофинансирачки активности, во вкупен износ од 31.596 илјади денари во 2022 година (2021 година – 32.391 илјади денари) се однесува на пренесениот вишок на приходи од претходната година.

### 3.2. Тековни расходи

#### 3.2.1. Стоки и услуги

Оваа позиција е проценета во висина на исплатените износи, за средствата кои се обезбедени од сметката од самофинансирачки активности и тоа по следните основи:

- патни и дневни расходи, кои опфаќаат расходи за патување во земјата и странство;

- комунални услуги, греење, комуникација и транспорт кои опфаќаат расходи за: електрична енергија, водовод и канализација, други комунални такси и услуги, централно греење, пошта, телефон и телефакс, други трошоци за комуникација и транспорт на стоки;
- материјали и ситен инвентар кои опфаќаат расходи за: канцелариски материјали и средства за одржување на хигиена;
- поправки и тековно одржување, кои опфаќаат расходи за: поправки и одржување на хардверска и софтверска опрема, поправки и одржување на машини и поправки и одржување на друга опрема и згради ;
- договорни услуги, кои опфаќаат расходи за: изнајмување опрема, осигурување на вработени, правни услуги и други договорни услугитоа за надоместоци на членови на комисии формирани согласно член 218 од Статутот на Ректоратот, Универзитетски сенат, Ректорска управа, формирани работни групи за извршување на активности или изготвивање на акти, печатење на универзитетски гласник, весник и билтен, лица ангажирани по договор на дели и платен персонален данок за исплатените надоместоци;
- други тековни расходи кои опфаќаат расходи за: членарини во меѓународни организации, членарини во домашни организации,расходи за репрезентација, семинари и конференции, објавување на огласи и други оперативни расходи;

**во 000 денари**

| Опис | 2022 | 2021 |
|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 |
| Патни и дневни расходи | 1.149 | 485 |
| Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 455 | 379 |
| Материјали и ситен инвентар | 11 | 43 |
| Поправки и тековно одржување | 275 | 428 |
| Други тековни расходи | 17.241 | 19.843 |
| Други тековни расходи | 3.849 | 3.471 |
| **Вкупно:** | **22.980** | **24.649** |

### 3.2.2. Субвенции и трансфери

Оваа позиција е проценета во висина на исплатените износи, за средствата кои се обезбедени од сметката од самофинансирачки активности и тоа по основ на доделување на средствата на организационите единици од интегративните функции на Универзитетот, согласно Правилникот за научно истражувачки проекти и доделени стипендии на првите 10 најдобри студенти во вкупен износ од 9.729 илјади денари во 2022 година (2021 година – 12.255 илјади денари).

во 000 денари

| Опис | 2022 | 2021 |
|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 |
| Стипендии за студенти | 2.952 | 2.952 |
| Други трансфери | 6.777 | 9.303 |
| **Вкупно:** | **9.729** | **12.255** |

### 3.3. Остварен вишок на приходи – добивка пред оданочување

Оваа позиција е проценета во висина на остварениот вишок на приходи - добивка пред оданочување за 2022 година во износ од 24.828 илјади денари (2021 година - 31.597 илјади денари).

### 3.4. Даноци, придонеси и други давачки од вишокот на приходи - добивка пред оданочување

Оваа позиција е проценета во висина на платените даноци од вишокот на приходите - добивката во износ од 450 илјада денари за 2022 година (2021 година – 511 илјади денари).

### 3.5. Нето вишок на приходи – добивка по оданочување

Оваа позиција е проценета во висина на нето вишокот на приходи - добивка по оданочување за 2022 година во износ од 24.378 илјади денари (2021 година – 31.086 илјади денари).

## 4. БИЛАНС НА СОСТОЈБА

**Актива**

### 4.1. Тековни средства

#### 4.1.1. Парични средства

Оваа позиција на ден 31 декември 2022 година е проценета според номинален износ од 24.828 илјади денари (2021 година – 31.597 илјади денари), се однесува на паричните средства на сметка, издвоени парични средства и благајна.

#### 4.1.2. Финансиски и пресметковни односи

Оваа позиција во 2022 година е проценета во износ од 424 илјади денари (2021 година – 1.632 илјади денари) се однесува на побарување од Конгресен центар и други меѓусебни побарувања.

#### 4.1.3 Активни временски разграничувања

Оваа позиција во 2022 година е проценета во износ од 467 илјади денари (2021 година – 61 илјади денари) и се однесува краткорочни обврски спрема добавувачи и обврски за даноци и придонеси од добивката.

### 4.2. Постојани средства

#### 4.2.1. Долгорочни кредити и позајмици дадени во земјата и странство и орочени средства

Оваа позиција е проценета во висина на 465 илјади денари како основачки влогови во Фондација Развоен институт и Интеруниверзитетска Академија Прима.

## ПАСИВА

### 4.3. Тековни обврски

#### 4.3.1. Краткорочни обврски спрема добавувачи

Оваа позиција во 2022 година е проценета во износ од 379 илјади денари (2021 година–58 илјади денари) и се однесува на неизмирени обврски спрема добавувачите за набавени стоки и услуги во земјата.

#### 4.3.2. Обврски за даноци и придонеси од добивка

Оваа позиција во 2022 година е проценета во износ од 88 илјади денари (2021 година – 0 илјади денари) и се однесува на пресметан данок на добивка за остварена добивка - даночна основа за 2022 година.

#### 4.3.3. Пасивни временски разграничувања

Оваа позиција во 2022 година е проценета во износ од 25.252 илјади денари (2021 година – 33.730 илјади денари) се однесува на парични средства и финансиски и пресметковни односи како нивна кореспондентна сметка и дел од вишокот на приходи.

**во 000 денари**

| **Опис** | **2022** | **2021** |
|---|---|---|
| | 2 | 3 |
| Дел од вишок на приходите(добивката) за пренос во наредната година | 24.828 | 31.597 |
| Други ПВР | 424 | 2.133 |
| **Вкупно:** | 25.252 | 33.730 |

## 4.4. Извори на капитални средства

### 4.4.1. Државен јавен капитал

Оваа позиција во 2022 година е проценета во износ од 465 илјади денари (2021 година–465 илјади денари) во висина на сегашната вредност на евидентираните основачки влогови.